# Документ на политики - Како до развиен еко-систем за социјални претпријатија?

Автори:
Александра ИЛОСКА, Климентина ИЛИЈЕВСКИ, Катерина МОЈАНЧЕВСКА



# Документ на политики - Како до развиен еко-систем за социјални претпријатија?

2018

Оваа анализа е изработена од тимот на Паблик – Здружение за истражување, комуникации и за развој од Скопје во рамки на грантот “Социјалните претпријатија: тежиште на триаголникот: економски пораст, развој на заедницата и социјална инклузија” финансиран од Проектот на УСАИД за граѓанско учество и од Министерството за економија. Мислењата изразени во оваа публикација им припаѓаат на авторите.

# Појава на социјалните претпријатија во Македонија

Првичната појава на практика во социјалното претприемаштво е забележана уште од 1900 година кога биле функционални многубројни доброволни здруженија, кооперативи и други форми на автономно здружување (Sivchev and Randelovic, 1966:11; Mokrov and Gruevski, 1999), чијашто доминантна активност била објавување информативни билтени (Trajkovski et al., 1999). Во периодот што следува се идентификувани и дополнителни форми на социјално-претприемачка практика како: првата потрошувачка задруга (1900 година), првата Стопанската комора на Македонија (основана во 1922 година) и младински задруги (во 1938 година). Сепак, претходниците на практиката на социјалните претпријатија во Македонија својот најголем развој го достигнале во периодот по завршувањето на Втората светска војна (1945-1991). Формите со најдолга традиција, кои го поттикнале развојот на нови форми на економска соработка истовремено промовирајќи солидарност и самопомош, вклучуваат: 1) заштитни друштва; 2) социјални организации; 3) занаети. Во овој период се идентификувани и многубројни локални заедници и неформални мрежи и здружувања на граѓани (Trajkovski et al., 1999:12). Сите овие иницијативи може да се сметаат за позитивно наследство, кое го отвора патот за појавата на денешните социјални претпријатија. По осамостојувањето на Македонија во 1991 година, транзицијата од планирана кон пазарна економија била придружена со интензивирани економски, политички и општествени проблеми. Како резултат на ова, дел од постојната практика од областа на социјалното претприемаштво ги продолжи своите оперативни активности истовремено негувајќи ги историското наследство и континуитетот на своите претходници, додека други ентитети, како на пример младинските задруги, целосно исчезнаа.

# Социјалните претпријатија во Македонија: актуелна состојба

Не постои сеопфатно истражување за социјалните претпријатија во земјава. Досега се спроведени две истражувања[1] , чијшто примарен фокус се граѓански организации со економски активности, притоа лимитирајќи го пристапот до знаење за кооперативите, земјоделските кооперативи, занаетите, коморите на занаети, давателите на услуги за социјална и за здравствена заштита, како и факторите во секторот за управување отпад, кои можат да се развиваат како социјални претпријатија.

Постојната законска регулатива во Македонија не ги препознава и не ги регулира социјалните претпријатија и социјалното претприемаштво бидејќи сè уште не постои заедничко разбирање за концептите. И двата концепта се појавија во дискурсот на третиот сектор и, генерално, постои концептуална конфузија кога јавно се дискутира за нив. Развојот на социјалните претпријатија во Македонија се поврзува со последните случувања во третиот сектор, како на пример лимитираната финансиска поддршка за услугите што ги нудат граѓанските организации, децентрализацијата на системот за социјална заштита и зголеменото влијание и финансиската поддршка што е на располагање од страна на донаторската заедница. Ентитетите што го сочинуваат спектарот на социјалните претпријатија во земјата се разновидни. И покрај отсуството на специфични институционални форми за социјалните претпријатија, дел од постојните законски акти овозможуваат основање и функционирање ентитети што делумно или целосно можат да бидат препознаени како социјални претпријатија, како на пример граѓански организации и фондации, кооперативи, заштитни друштва, комори на занаетчии, земјоделски задруги, а и неформалниот сектор за собирање отпад го има  потенцијалот да биде трансформиран преку социјално претприемаштво.

---

[1] „Социјалните претпријатија можност за работна интеграција на ранливи групи“, достапно на: http://public.org.mk/images/speci-jalnite-pretprijatija.pdf и „Екосистемот за социјалните претпријатија во Хрватска и во Западен Балкан“, достапно на: https://www.nesst.org/wp-content/uploads/2017/05/SE-Ecosystem-in-the-W-Balkans-FINAL.pdf

# Законска рамка што ги регулира формирањето и оперативните активности на социјалните претпријатија

Во моментов, во земјава следниве законски акти го овозможуваат основањето и функционирањето на социјалните претпријатија: Закон за здруженија и за фондации (Службен весник бр. 52/10 и 135/11); Закон за вработување инвалидни лица(Службен весник бр. 87/2005); Закон за задругите (Службен весник бр.51/02); Закон за земјоделски задруги (Службен весник бр. 23/2013); Закон за занаетчиство (Службен весник бр. 215/15); и Закон за социјална заштита (Службен весник бр. 79/09).

# Национална агенда за јавна политика

Во официјалните владини стратегии, концептот социјално претпријатие за првпат е воведен во поопширни стратегии за соработка со граѓанскиот сектор (2012-2017) каде што е предвидена поопшта мерка за развој на поширок концепт: социјална економија. Мерката предвидува активности што експлицитно целат на граѓанските организации со економски активности, притоа изоставајќи ги другите модели што го формираат спектарот на социјални претпријатија. Друг документ што обезбедува стратегиска насока за развој на секторот е афирмацијата на Стратегијата за Југоисточна Европа 2020 година, која ја нагласува социјалната економија како посебна област. Меѓутоа, не е забележан напредок во ниту една од стратегиите во однос на постигнувањето на дефинираните цели за развој на социјалната економија. Понатаму, во последната програма на Владата (2017-2020) социјалните претпријатија се идентификуваат како фасилитатор на транзицијата на ранливите категории граѓани од социјална исклученост кон отворен пазар на труд.

Во насока на унапредување на екосистемот за социјалните претпријатија, Министерството за труд и за социјална политика ја објави првата нацрт-верзија на Законот за социјално претприемаштво на 28. 7. 2015 година, кој се очекува да ги регулира принципите, формите и активностите во областа на социјалното претприемаштво, критериумите за основање и за управување на социјално претпријатие, како и механизмите за мониторинг и за евалуација на социјалните претпријатија. Законската рамка го дефинира социјалното претпријатие како правно лице, чијашто примарна цел е да постигне општествено влијание и да оствари социјално / општествено насочени цели, а чијшто остварен профит се реинвестира за остварување на целите преку работење и вложување во општеството, место остварување максимален профит за акционерите и за основачите. Досега се изработени вкупно шест верзии од нацрт-законот, кои се оценети како рестриктивни, особено кога станува збор за условите за користење на бенефициите за вработување ранливи групи во социјалните претпријатија. Предвидените бенефиции за социјалните претпријатија се неспоредливо помали во однос на бенефициите предвидени за заштитните друштва во постојниот Закон за вработување инвалидни лица.

Од наведеното може да се заклучи дека јавната политика што е спроведена досега е насочена кон делумно надминување на внатрешните слабости и бариери на постојните социјални претпријатија, а не кон развој на екосистем што ќе го поттикнува нивниот пораст и развој.

# Фискална рамка и пристап до финансии за социјалните претпријатија

Генерално, социјалните претпријатија во Македонија имаат лимитиран пристап до финансии. На крајот на 2017 година, во ревидираниот оперативен план за активните мерки за вработување се предвидени нови мерки[2], чијашто експлицитна цел се социјалните претпријатија. Според извештајот на Агенцијата за вработување, само четири социјални претпријатија ја искористиле мерката, при што се реализирани седум нови вработувања за ранливи категории граѓани. Корисниците на мерката сметаат дека таа е несоодветна, особено кога станува збор за помали социјални претпријатија, кои се соочуваат со проблеми во финансиската одржливост. На почетокот на 2018 година, во новиот оперативен план за активни мерки за вработување е воведена нова мерка, чијашто цел се социјалните претпријатија, и предвидува финансиска поддршка за нови вработувања[3]. Во практика, социјалните претпријатија користат и други мерки,

[2] Програмата за финансиска поддршка на микро, мали и на средни претпријатија и на социјални претпријатија – мерка 2.5

како, на пример, мерката самовработување, меѓутоа не е достапна точна статистика за нејзина искористеност од страна на СП. Покрај наведените активни мерки за вработување, социјалните претпријатија во земјава имаат пристап до капитал за основање и за развој само во рамките на поголеми проекти поддржани од Европската комисија преку шемите за регрантирање, меѓутоа нивниот износ е од 3.000 до 6.000 евра.

## Мрежи и механизми за поддршка за социјалните претпријатија

Во Македонија сè уште не постојат формални мрежи и механизми што поттикнуваат здружување и саморганизација на социјалните претпријатија. Во моментов здружувањето на социјалните претпријатија е проектно поттикнато или постојат како неформална мрежа на организации што споделуваат слични вредности и активности.

## Системи за издавање сертификат

Во Македонија не постои систем за издавање сертификат на социјалните претпријатија, ниту, пак, критериуми за нивно идентификување. Сепак, има индивидуални напори за видливост, кои ги прават граѓанските организации со економски активности или социјалните претпријатија, како дел од своите активности за брендирање. Така, купувачите се запознаваат дека, на пример, со купувањето конкретни производи поддржуваат работна интеграција на одредена група од маргините.

## Истражување, образование и развој на вештини

Во Македонија досега се спроведени две истражувања за оцена на капацитетите на постојните социјални претпријатија. Резултатите и на двете истражувања потврдуваат дека СП во земјава се во раната фаза на развој, оперираат како микроентитети без или со неколку вработени, во најголем дел се финансирани од странски донатори и се соочуваат со многубројни предизвици во обезбедувањето финансиска одржливост. Меѓу другото, имаат многу мали бизнис-капацитети, имаат предизвици во обезбедувањето пристап до пазари и немаат доволно капацитети за спроведување поголеми договори за јавни набавки.

Развивањето вештини во однос на социјалното претприемаштво во моментов е проектно базирано и поддржано најчесто преку европските фондови, како претпристапните фондови на ИПА за граѓански организации од земјата и прекуграничните соработки на ИПА[4].

## Лекции од компаративната анализа

Во утврдување на насоките и на динамиката на развојот на социјалното претприемаштво важна е традицијата на волонтерство и на солидарни активности во историски контекст. Во земјите во кои историски постои развиено солидарно здружување, волонтирање и вонинституционална помош, постои поголема динамика на развој на социјални претпријатија и, особено, на тие, чијашто цел се длабоки општествени проблеми и ранливи категории граѓани.

Социјалните претпријатија често се дефинираат преку целта на бизнисот, а не преку правната форма, што значи, во фокус е социјалната мисија што се остварува преку услуги, производство и трговија и реинвестирање на најголем дел од профитот за остварување на мисијата. Вообичаено се користат широки дефиниции, кои овозможуваат повеќе ентитети да се препознаат како актери во социјалната економија. **Правните форми на регистрација на СП** се разновидни, како: друштво со ограничена одговорност, хуманитарна организација, кооператива / задруга, граѓанска (непрофитна) организација, бизнис ориентиран кон заедницата, претприемачка

[3] Поддршка за ново вработување од 92.000 до 768.750 денари за микро, мали и за средни фирми, социјални претпријатија и за граѓански организаци

[4] 1) Социјални претпријатија, тежиште на триаголникот: економски пораст, развој на заедницата и социјална инклузија. Проектот е финансиран од УСАИД, во рамките на програмата за граѓанско учество;2) Социјални претпријатија – Мост меѓу социјалниот сектор и традиционалниот бизнис (SE- Bridge), финансиран од Инструментот за прекугранична соработка на ИПА.

граѓанска организација. Важно е во правните форми да се пронајде интересот на заедницата, како и да бидат доволно флексибилни со цел да не го ограничат развојот на идни, можеби сè уште непрепознати форми на социјални претпријатија.

Додека во одредени земји воведувањето **законска рамка** овозможила драматичен пораст на бројот и на активностите на социјалните претпријатија, во други, влијанието на законската рамка се покажало како релативно неефикасно и со негативни импликации. И извештајот на Европската комисија за екосистемите за социјални претпријатија во земјите на ЕУ укажува дека воведувањето несоодветна законска рамка, која е преземена од друг контекст и не е адаптирана на националниот контекст, влијае негативно врз порастот и развојот на секторот (Directorate-General for Employment, Social Affairs and Inclusion, 2016, pp. 46-47). Искуствата од земјите укажуваат дека важно е нормативното уредување на секторот да биде помалку круто бидејќи на тој начин на социјалните претпријатија ќе им се овозможи полесна адаптација на новите случувања во секторот. Исто така, важно е да се нагласи дека донесувањето законска рамка е позитивно, меѓутоа таа не е доволна самата по себе да овозможи развој на социјалното претприемаштво. Законската рамка треба да биде поддржана од широк ранг стратегии, мерки, инструменти, кои преку кохерентен, интегриран и мултистејкхолдерски пристап ќе го поддржуваат развојот на социјалното претприемаштво.

Развојот на социјалните претпријатија треба неопходно да го следат многубројни **финансиски инструменти** и поддршка, која првенствено треба да произлегува од јавните фондови на национално и на локално / регионално ниво. Разновидноста на финансиски и на даночни инструменти треба да биде усогласена и да опфати различни видови  социјални претпријатија (правни ентитети) и различни видови активности (поддршка на ранливи групи лица, истражувања, мерење на влијанието, размена на добра практика). Поддршката од фондовите на ЕУ е важна, но земјите не треба да се потпираат само на овие средства. Треба да се избегнат проектноориентираните инвестиции во СП. Важно е да се размислува за развојот во иднина и така да се поддржат стартапи и социјални иновации.

**Вмрежувањето и постоењето механизми на поддршка на СП** што се немонетарни се од големо значење за влијанието на СП во социјалната економија. Мрежите и други соодветни тела на национално и на локално ниво се надополнуваат во промовирање, застапување, истражување и во лобирање за поголема улога на СП во развојот. Немонентарни мерки на поддршка, како советодавни тела, настани за промоција и за размена на добра практика го поттикнуваат интерсекторското поврзување и го поттикнуваат и интересот на јавноста за СП.

Интегрираниот пристап кон развој на социјалното претприемаштво наложува вклучување различни и многубројни актери, кои не се директни учесници во социјалната економија. Спојувањето со универзитетите ги засилило капацитетите на СП за мерење на општественото влијание, а вклучувањето предмети во образовните програми ги засилило мобилизацијата на волонтери и креативниот потенцијал за развојот на социјалното претприемаштво.

**Системите за издавање сертификати и за означување на социјалните претпријатија** се различни, потекнуваат од контекстот и се адаптирани на потребите на СП. Тие помагаат во валоризирањето на СП, особено во подигнување на јавната свест за потребата од нив, но тоа не се единствените мерки на јавната политика со кои се истакнува позицијата и важноста на социјалното претприемаштво.

Оттука, креаторите на политиката во сферата на социјалното претприемаштво и социјална економија, генерално, треба да бидат отворени да ги чујат мислењата на стејкхолдерите, да бидат стрпливи за времето неопходно да се увиди целосната слика, да се базираат на локално знаење на темата и да ги користат „органските“ податоци преку истражувањата спроведени во земјата, да се инспирираат од другата практика, но критички да ги опсервираат можностите за репликација, да бидат креативни во осмислување на системот на комуникација, поддршка, поврзување и евалуација. Но и да бидат визионери за иднината на социјалната економија во земјата.